Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И
УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE
MENAXHIMIT TË RREZIKUT
Арх.бр./Nr. i arhivës УП1-11/3-659/2023
Дата/Data 22-03-2023

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија"бр.58/00), а согласно член 119 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/19, 65/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22), Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
**за одземање на А-Интегрирана еколошка дозвола на Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово**

1. **А-Интегрирана еколошка дозвола на операторот Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, УП1-11/3-941/2019 од 16.03.2020 год. се одзема.**

## Образложение
Согласно член член 96 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18) инсталацијата **Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово** достави барање за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола, УП 1-11/3 бр.941/2019 од 21.06.2019 год. По спроведување на целата постапка за издавање на 16.03.2020 год. е издадена А-Интегрирана еколошка дозвола Уп1-11/3-941-2019 за **Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово**.
Со допис бр.11-4477/1 од 15.06.2022 год. од страна на Државен инспекторат за животна средина добивме известување во кое не информираат дека на 21.04.2020 год. е направен вонреден инспекциски надзор и составен е записник бр.16-IX-102/1, во кој се констатира дека инсталацијата Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово има прекинато со процесот на производство од 31.03.2019 год.. Со оглед дека е поминат подолг период од издавањето на А-ИЕД, а притоа од страна на Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово до Министерството за животна средина и


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

просторно планирање не е доставено известување за режим на работа и годишни извештаи за животна средина, се започнува постапка за донесување на решение за одземање на А-ИЕД.
Согласно член 119 став 1 алинеа 3 од Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/19, 65/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22), доколку операторот не ја врши активноста во обем и во време утврдено во А-Интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина донесува решение за одземање на А-ИЕД. Со Допис УП1-11/3-941-2019 од 21.07.2022 се направи известување за започнување на постапка за донесување на решение за одземање на А-ИЕД до Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, Општина Тетово и до Државниот инспекторат за животна средина. По спроведување на постапката се издава следново решение.
Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Правна поука:Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена преку Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во износ од 250 денари уплатени на сметка840********* сметано од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР/MINISTËR
Каја Шукова

Изготвил/Përgaditi: Ирена Николоска
Контролирал/Kontrolloi: Besa Tateshi
Одобрил/Aprovoi: Nazim Aliti
**Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor**
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**

Доставено до :
- ДИЖС
- Општина Тетово
- Друштво за производство на предиво и волница со текстилни производи ТЕТЕКСЈАРН ЛИМИТЕД ДООЕЛ увоз-извоз Тетово